**ЗАПИСНИК**
**од 9-та седница на Советот**
**одржана на 27.03.2009 година**

**Присутни членови на Советот:** Зоран Стефановски, Илир Ајдини, проф. д-р Томе Груевски, проф. д-р Али Алиу, Панче Наумов и Фарук Омерагиќ.
**Отсутни:** /
**Присутни од Стручна служба:** Андриана Скерлев-Чакар, Огнен Неделковски, Горан Радуновиќ и Слободан Беличански.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на Советот, Зоран Стефаноски, кој на почетокот на седницата предложи да се вметнат во Дневниот ред под точката "Разно" следните точки: "Предлог-Одлука за исплата на надомест за стручна помош од надворешен соработник-стручен консултант, во изработка на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2008 година, во износ од 6.000,00 денари, нето", "Информација за посетата на Амбасадорот на САД во Македонија, Филип Рикер и шефот на Мисијата на ЕУ во Македонија, Амбасадорот Ерван Фуере на Советот за радиодифузија на РМ" и "Предлогот за промена на коефициентот за исплата на плати на дел од надворешните соработници".

Предлозите беа прифатени од страна на членовите на Советот, при што за седницата беше утврден следниот:

## Д н е в е н   р е д

1. Усвојување на Записникот од 8-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 27.02.2009 година.
2. Извештај за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2008 година (Предлог).
3. Мислење на Советот за радиодифузија на РМ во врска со Предлог-Правилникот со тарифа за измени и дополнувања на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП.
4. Барање за обуки од Секторот за технологии и информатика.
5. Одлука за одржување на Против пожарните апарати на Советот за радиодифузија на РМ (Предлог).
6. Дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2009 година на Советот за радиодифузија на РМ (Пречистен текст) бр.05-1074/1 од 14.03.2009 година.
7. Одлука за потреба од јавна набавка за доделување договор за јавна набавка за предметот – хотелско сместување. (Предлог).
8. Одлука за потреба од јавна набавка за доделување договор за јавна набавка за предметот – патен превоз (автобус и минибус) (Предлог).
9. Разно.
   - Предлог-Одлука за исплата на надомест за стручна помош од надворешен соработник-стручен консултант, во изработка на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2008 година, во износ од 6.000,00 денари, нето.
   - Информација за посетата на Амбасадорот на САД во Македонија, Филип Рикер и шефот на Мисијата на ЕУ во Македонија, Амбасадорот Ерван Фуере, на Советот за радиодифузија на РМ.
   - Предлогот за промена на коефициентот за исплата на плати на дел од надворешните соработници.

**Точка 1**

Записникот од 8-та седница на Советот за радиодифузија на РМ, одржана на 27-ми февруари 2009 година, беше усвоен во целост како што беше предложен.

**Точка 2**

Во врска со предложениот Извештај за работа на Советот за радиодифузија на РМ за 2008 година, Советот за радиодифузија на РМ донесе заклучок да се усвои Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за периодот од 01.01. до 31.12.2008 година, во текстот како што е предложен и да се усвои Годишниот финансиски план на Советот за 2009-та година, во текстот како што е предложен. Извештајот за работа на Советот за радиодифузија на РМ за периодот од 01.01. до 31.12.2008-та година, Годишниот финансиски план на Советот за 2009-та година и Ревизорскиот извештај од независен ревизор за 2008-ма година, да се достават до Собранието на РМ најдоцна до 31 март, 2009 година.

**Точка 3**

Советот за радиодифузија на РМ го разгледа предложеното Мислење на Советот во врска со Предлог-Правилникот со тарифа за измени и дополнувања на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП и донесе заклучок да се увсои Мислењето на Советот за радиодифузија на РМ во врска со Предлог-Правилникот со тарифа за измени и дополнувања на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП. Советот за радиодифузија да му го испрати на ЗАМП Мислењето на Советот за радиодифузија на РМ во врска со Предлог-Правилникот со тарифа за измени и дополнувања на Правилникот со тарифа за користење на авторски музички дела на ЗАМП.

**Точка 4**

Во врска со предложеното Барање од Секторот за технологии и информатика за следење на основни курсеви за администрација на компјутерите, серверите и другата активна мрежна опрема на Советот за радиодифузија на РМ, Советот донесе заклучок да се усвои предложеното Барање од Секторот за технологии и информатика за следење на основни курсеви за администрација на компјутерите, серверите и другата активна мрежна опрема на Советот за радиодифузија на РМ. Советот за радиодифузија заклучи да се предложи дополнување на Годишниот план за јавни набавки на Советот за радиодифузија на РМ за 2009 година со цел реализација на основните курсеви за администрација на компјутерите, серверите и другата активна мрежна опрема на Советот за радиодифузија на РМ и го задолжи Секторот за правни работи да спроведе постапка за доделување договор за јавна набавка согласно Законот за јавни набавки. Износот на набавката да не биде поголем од 130.000,00 денари, без ДДВ.

**Точка 5**

Во врска со предложената Одлука за обезбедување на услугата сервисирање и комплетно одржување на ПП апаратите и хидрантот во просториите на Советот за радиодифузија на РМ, согласно Понудата бр.05-873/1 од 02.03.2009 година на Друштвото за производство, трговија, сервис и услуги за ПП и ХТЗ опрема "ДЕ ВИ ПЛАМ" ДОО Скопје, Советот донесе Одлука за обезбедување на услугата сервисирање и комплетно одржување на ПП апаратите и хидрантот во просториите на Советот за радиодифузија на РМ, согласно Понудата бр.05-873/1 од 02.03.2009 година на Друштвото за производство, трговија, сервис и услуги за ПП и ХТЗ опрема "ДЕ ВИ

ПЛАМ" ДОО Скопје. Советот за радиодифузија донесе одлука да се склучи договор со Друштвото за производство, трговија, сервис и услуги за ПП и ХТЗ опрема "ДЕ ВИ ПЛАМ" ДОО Скопје, во кој ќе се утврдат условите за сервисирање и комплетно одржување на ПП апаратите и хидрантот во просториите на Советот за радиодифузија на РМ. Советот одлучи да ја прифати понудената цена од Друштвото за производство, трговија, сервис и услуги за ПП и ХТЗ опрема "ДЕ ВИ ПЛАМ" ДОО Скопје во износ од 29,200.00 денари, со вклучен ДДВ, за услугата сервисирање и комплетно одржување на ПП апарати и хидрант во просториите на Советот за радиодифузија на РМ, согласно Понудата бр.05-873/1 од 02.03.2009 година.

**Точка 6**

Во врска со предложената Информацијата за потребата од дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-1074/1 од 14.03.2009 година, Советот донесе заклучок да се усвои Информацијата за потребата од дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ – Пречистен текст бр.05-1074/1 од 14.03.2009 година. Се дополнува Годишниот план за јавни набавки во 2009-та година на Советот за радиодифузија на РМ со следните услуги, и тоа: во делот на Главата II. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на услиги, да се додаде точката 27. Патен превоз за потребите на Советот за радиодифузија, со проценета вредност на набавката/рамковната спогодба 60.000,00 денари без ДДВ. Во истата Глава да се додаде и точката 28. Хотелско сместување за потребите на Советот за радиодифузија, со проценета вредност на набавката/рамковната спогодба 350.000,00 денари без ДДВ.

**Точка 7**

Во врска со предложената Одлука за потреба од јавна набавка за доделување договор за јавна набавка за предметот – хотелско сместување, Советот донесе Одлука за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за следниот предмет: услугата хотелско сместување на вработените во Советот за радиодифузија на РМ. Постапката за предметот за јавна набавка: услугата хотелско сместување на вработените во Советот за радиодифузија на РМ да ја спроведе Комисијата за јавни набавки во состав: Фарук Омерагиќ, Претседател, Магдалена Давидовска - Довлева, член и Симе Златевски, член.

**Точка 8**

Во врска со предложената Одлука за потреба од јавна набавка за доделување договор за јавна набавка за предметот – патен превоз (автобус и минибус), Советот донесе Одлука за спроведување постапка за доделување договор за јавна набавка за следниот предмет: услугата патен превоз за потребите на Советот за радиодифузија на РМ во 2009-та година. Постапката за предметот за јавна набавка: услугата патен превоз за потребите на Советот за радиодифузија на РМ во 2009-та година да ја спроведе Комисијата за јавни набавки во состав: Фарук Омерагиќ, Претседател, Магдалена Давидовска - Довлева, член и Симе Златевски, член.

**Точка 9**

Разно.

- Во врска со Предлог-Одлуката за исплата на надомест на надворешен соработ-ник-стручен консултант за стручна помош во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2008 година, а во

врска со Заклучокот на Советот бр.02-3401/12 од 03.12.2008 година и Решението бр.02-3554/1 од 04.12.2008 година, Советот донесе заклучок да ја прифати Предлог-Одлуката за исплата на надомест на надворешен соработник-стручен консултант за стручна помош во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2008 година. Советот за радиодифузија донесе Одлука да му исплати на надворешен соработник-стручен консултант надомест во нето износ од 6,000.00 денари, за стручна помош во изработката на описот и пописот на архивската граѓа од трајна вредност на Советот за радиодифузија за 2008 година.

- Информација за посетата на Амбасадорот на САД во Македонија, Филип Рикер и шефот на Мисијата на ЕУ во Македонија, Амбасадорот Ерван Фуере, на Советот за радиодифузија на РМ.
- Во врска со Предлогот за промена на коефициентот за исплата на плати на дел од надворешните соработници, Советот донесе заклучок да го усвои Предлогот за промена на коефициентот за исплата на плати на дел од надворешните соработници. Советот за радиодифузија заклучи да се направи промена во коефицинетот за исплата на платите за март од 1.8, на 1.5 кај следните соработници: Данило Матовиќ, Кетрин Селман, Вера Калајџиева, Ана Стевановска, Антонио Момироски, Енис Мустафи, Аида Селман, Елизабета Чингаровска, Лилјана Митева, Огнен Коцевски, Петар Мачковски, Игор Османов, Марко Андревски, Горан Котески, Горан Јовески, Вера Герасовска, Ардит Фетаи и Еролл Далипи. Исто така, Советот за радиодифузија заклучи да се направи промена во коефицинетот за исплата на платите за март од 2.3, на 1.8 кај следните соработници: Даниела Најдовска, Елена Дамјаноска и Лидија Краговиќ. Советот го задолжи Секторот за правни подготви Одлука за промена на коефициентот за исплата на плати на дел од надворешните соработници.

Бр. 02-1422/5
09.04.2009 година
С к о п ј е

Совет за радиодифузија на РМ
П р е т с е д а т е л,
Зоран СТЕФАНОСКИ, с.р.

Записникот го водеше,
Огнен НЕДЕЛКОВСКИ